# ТОМАС ЈАНУЛ

# (THOMAS YANUL)



## ПАНОРАМСКИ ФОТОГРАФИИ

14. III. 1991

# ТОМАС ЈАНУЛ
(Thomas Yanul)



Фотографиите со невообичаено голем формат што се прикажани на изложбава се дело на Томас Јанул, роден во Чикаго, кој од 1975 година како слободен уметник се занимава со комерцијална фотографија. Изложените експонати се резултат на две најомилени фотографски специјалности на Јанул: "банкетски" фотографии и архитектонски панорами. Во двата случаја користи негативи со многу голем формат и постигнува исклучително високо квалитетна фотографија.

Банкетската фотографија како комерцијално исплатлив зафат се појави на почетокот на овој век и опстана се до средината на педесеттите, кога и го отстапи местото на практичната 35 милиметарска фотографија.

Јанул ја употребува банкетската камера "Folmer & Schwing" пред 1927 година. Форматот на негативот на таа камера изнесува 12 x 20 инчи (300 x 508 мм). Големиот формат стана стандард за тој тип фотографија поради потребата на контакт копијата да може да се препознаат со голо око 500 до 1000 луѓе за да може таа фотографија да се продаде во голем тираж. Иако продажбата во голем тираж не е повеќе главна цел на Јанул, тој и понатаму настојува на висок квалитет на фотографијата. Неговите клиенти повеќе не се ученици на некој годишен собир на некакви безимени бизнисмени или трговци. Тој полесно се определува да фотографира, дури и бесплатно, групни прослави, јубилеи, историски настани, прави документарна фотографија. Така неодамна тој фотографира една група историчари на архитектурата што се сретнаа за да ја прослават стогодишнината од отворањето на познатата зграда "Auditorium Building" во Чикаго, дело на архитектите Луис Саливан и Денмарк Адлер. Фотографијата е сликана во мала банкет сала, во која на сличен начин, многу често се правеле фотографии уште од 1900 година.

Друга специјалност на Јанул се панорамските фотографии. Соединувајќи ја сопствената љубов кон негативи со голем формат и желбата да фотографира панорами, тој ја конструира најголемата камера на светот со подвижен објектив. Од шестте камери што ги конструира од 1985 година, најмалата има формат од 10 x 20 инчи (254 x 508 мм) а најголемата 1 x 5 стапки (304 x 3657 мм)!

Фотографиите на оваа изложба се правени со помош на трите "најмали" камери. Иако сите употребуваат негатив со должина од 20 инчи (508 мм) снабдени се со објективи со различна далечина на фокусот, во размак од 7 до 9 инчи (177 до 241 мм ). Иако повеќето од фотографиите се ист формат како и негативот ("контакт"), Јанул понекогаш, користејќи многу стар апарат за увеличување, ги увеличува до големина меѓу 25 до 28 стапки (7,69 до 8,62 метри).

Уште на почетокот на своето ангажирање со фотографијата Јанул им даваше предност на техничкиот квалитет на фотографијата и на нејзиното историско документирање пред уметничкото обликување. Од неговото живеење во родниот Чикаго го привлекуваат главно два аспекта а тоа се градбите и луѓето. Многу работи се проектирани и изградени во Чикаго после големиот пожар од 1871 година, а еднакво е значајно културното наследство од големиот број доселеници.

Иако претежно комерцијален фотограф, Јанул се прочу ширум Америка поради својот необичен стил. За неговите дела често се зборува и пишува на телевизијата, во весниците и списанијата. Од 1986 година, националната ТВ програма "Светот на фотографијата" има постојана рубрика за панорамските фотографии на Јанул. Иако Јанул не излага често, бидејќи тоа е скапо и бара многу време, од 1979 година, кога ја освојува првата награда на изложбата Скад во Спрингфилд главен град на државата Илиноис, учествува на бројни изложби низ земјата. Излага и држи предавања на Сангамоновиот универзитет во Спрингфилд и на Технолошкиот институт во Рочестер, држава Њујорк.

Моментно Том Јанул е ангажиран со фотографирање на чикашки градби кои се градат побрзо отколку што тој успева да ги фотографира. Планира да фотографира и по Европа, со посебна цел да ги повтори панорамските фотографии на Вон Мартел што ги направи меѓу 1842-43 година во Париз.

Иако Јанул е веројатно последниот "банкетски" фотограф во Америка, неговата кариера временски е ограничена. Односно, тој ќе може да прави банкетски фотографии се додека фирмата "E.G.& G.CO." од Ирска, која единствено има технологија и право да произведува специјални блиц-ламби, го изработува овој вид на осветление што е потребно за да може во една просторија одденаш да фотографира 1000 луѓе.



Томас Јанул (Thomas Yanul)
# ПАНОРАМСКИ ФОТОГРАФИИ

Автор на поставката:
Душко Чарниќ

Публикацијата ја издава:
Информативната служба на американската амбасада
Кнез Милош 46, Белград

Издавач:
Брус Р. Кох (Bruce R. Koch)
Одговорен уредник:
Иан Кели (Ian Kelly)
Уредник:
Душко Чарниќ
Автор на воведниот текст:
Т. Јанул
Превод:
Верица Сотировска
Компјутерска обработка на текстот
Дизајн и прекршување на каталогот:
Бранко Богичевиќ, Бранко Којиќ
Коректор:
Јадранка Николиќ

Одговорен уредник за Уметничката галерија, Скопје:
Драган Бошњаковски, директор
Организација на изложбата во
Уметничката галерија, Скопје:
Менка Карапашовска, кустос

Печати:
Печатницата на Американската амбасада, Белград
Тираж:
500 примероци
Публикацијата е бесплатна
Copyright:
1991, U.S. Information Service, Belgrade
Yugoslavia